# ЗАКОН
# ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

Пречистен текст (Неофицијална верзија)

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16, 83/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22 и 262/23)

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат предметот на ревизија, организацијата и надлежностите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) и начинот на вршење на ревизија на имплементацијата на инструментот за претпристапна помош (ИПА) и на програми финансирани од Европската унија за кои е пренесено управувањето на Република Северна Македонија.

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следното значење:

1.„Инструмент за претпристапна помош"(во натамошниот текст: ИПА) е претпристапна финансиска помош која Европската унија ја обезбедува на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската унија и го опфаќа програмирачкиот период (2007-2013), ИПА II за програмирачкиот период (2014-2020) и ИПА III за програмирачкиот период (2021-2027);

2.„Рамковна спогодба" е Рамковна спогодба меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Северна Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) ратификувана со Закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Северна Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија" број 18/2008) (во натамошниот текст: Рамковна спогодба за ИПА) и Рамковна спогодба меѓу Република Северна Македонија застапувана од страна на Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), ратификувана со Закон за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Северна Македонија застапувана од страна на Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Северна Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) („Службен весник на Република Македонија" број 99/15) (во натамошниот текст: Рамковна спогодба за ИПА II), како и Рамковна спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на

финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) ратификувана со Закон за ратификација на Рамковната спогодба за финансиско партнерство помеѓу Европската комисија и Република Северна Македонија застапувана од Владата на Република Северна Македонија за посебните постапки за спроведување на финансиска помош од Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 235/22) (во натамошниот текст: Рамковна спогодба за ИПА III) ".

3.„Секторска спогодба" е Секторска спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од Европската Комисија на Република Северна Македонија и спроведување на помошта според Компонента V (IPARD) од Инструментот за претпристапна помош ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од Европската Комисија на Република Северна Македонија и спроведување на помошта според Компонента V (IPARD) од Инструментот за претпристапна помош („Службен весник на Република Македонија" број 165/2008) (во натамошниот текст: Секторска спогодба за ИПАРД) и Секторска спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош во областа на политиките за „Земјоделство и рурален развој" (ИПАРД), ратификувана со Закон за ратификација на Секторската спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија според Инструментот за претпристапна помош во областа на политиките за „Земјоделство и рурален развој" (ИПАРД) („Службен весник на Република Македонија" број 38/2016) (во натамошниот текст: Секторска спогодба за ИПАРД II); ,како и Секторска спогодба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финансиската помош на Унијата за Република Северна Македонија од Инструментот за претпристапна помош во областа на соработка Земјоделство и рурален развој (ИПАРД III) (во натамошниот текст: Секторска спогодба за ИПАРД III);

4.„Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош" (во натамошниот текст: Ревизорско тело) е тело за ревизија, основано во согласност со овој закон и одредбите од Рамковната спогодба;

5.„Субјект на ревизија" е физичко лице, трговец-поединец и правно лице кое користи средства од програми финансирани од Европската унија, како и структури и органи одговорни во системите за управување, спроведување, контрола, надзор, следење, евалуација и известување за имплементација на програми финансирани од Европската унија;

6.„Национален координатор за авторизација" е орган во системите за децентрализирано и индиректно управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), назначен од страна на Владата на Република Северна Македонија одговорен за финансиско управување и за ефективно функционирање на системите за управување и контрола со средствата од Инструментот за претпристапна

помош (ИПА) во Република Северна Македонија ;

7.„ISSAI (International Standards of Supreme Audit Institutions)“ се меѓународни стандарди на Врховните ревизорски институции издадени од страна на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (INTOSAI);

8.„OLAF (European Anti-Fraud Office)“ е Европска канцеларија за спречување на измама.

II. РЕВИЗОРСКО ТЕЛО

Член 3

(1) Работите на ревизија на ИПА и други програми финансирани од Европска унија за кои е пренесено управувањето на Република Северна Македонија ги врши Ревизорско тело.

(2) Ревизорското тело е функционално независно од учесниците во системот одговорни за управување, спроведување, контрола, надзор, следење, евалуација и известување за програми финансирани од Европска унија.

(3) Седиштето на Ревизорското тело е во Скопје.

Член 4

(1) Со Ревизорското тело раководи главен ревизор за ИПА.

(2) Главниот ревизор за ИПА има заменик.

(3) Главниот ревизор за ИПА и заменикот ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(4) Мандатот на главниот ревизор за ИПА и на заменикот е девет години, без право на повторен избор.

Член 5

(1) За именување на главниот ревизор за ИПА и заменикот се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Главниот ревизор за ИПА и заменикот треба да ги исполнуваат следните услови:

1) да се државјани на Република Северна Македонија;

2) да имаат високо образование од областа на економските или правните науки;

3) да имаат најмалку седум години искуство во областа на економијата или правото;

4) да имаат уверение за стекнато звање од областа на ревизијата;

5)да поседуваат еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од 5 години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода;
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода;
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво;
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

6) да не вршат друга јавна функција или професија, да не се членови во органи на политичка партија, членови на управен одбор, надзорен одбор или било кој друг орган кај друг правен субјект и

7) да не им е изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Член 6

Мандатот на главниот ревизор за ИПА и заменикот престанува:

1) со истекот на мандатот;

2) по свое барање;

3) со исполнување на условите за пензија;

4) во случај на смрт и

5) во случај на разрешување.

Член 7

Главниот ревизор за ИПА и заменикот се разрешуваат кога:

1) ќе престанат да ги исполнуваат условите од член 5 на овој закон;

2) не се во можност да ги извршуваат задачите подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

Член 8

(1) Главниот ревизор за ИПА го претставува и застапува Ревизорското тело, обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите, раководи и ја организира работата на Ревизорското тело.

(2) Главниот ревизор за ИПА и заменикот се единствени лица за контакт со Европската Комисија за сите прашања поврзани со ревизија на ИПА.

Член 9

Главниот ревизор за ИПА во рамките на своите права и должности утврдени со овој закон, ги врши особено следните задачи:

1) го предлага Буџетот на Ревизорското тело;

2) ги донесува годишните работни планови за ревизија и стратегија за ревизија за период од три години (во натамошниот текст: тригодишна ревизорска стратегија);

3) го пропишува начинот на вршење на ревизија на ИПА;

4)ги поднесува ревизорските извештаи и ревизорските мислења согласно со одредбите од Рамковната спогодба и Секторската спогодба;

5) ги донесува актите за спроведување на овој закон;

6) ја пропишува формата и содржината на службената легитимација, како и начинот на издавање и одземање на истата;

7) го донесува актот за организација и работа на Ревизорското тело и актот за систематизација на работните места во Ревизорското тело;

8) одлучува за правата и обврските на вработените во Ревизорското тело согласно закон;

9) донесува акт за начинот на водење на дисциплинска постапка во Ревизорското тело;

10) формира комисии и други работни тела во рамки на Ревизорското тело;

11) комуницира со медиумите со цел информирање на јавноста за работата на Ревизорското тело и

12) врши и други работи утврдени со овој закон.

Член 10

Заменикот го заменува главниот ревизор за ИПА во случај на негова спреченост или отсуство со сите негови овластувања и одговорности и врши работи кои ќе му ги довери главниот ревизор за ИПА.

Член 11

Главниот ревизор за ИПА и заменикот не можат да бидат повикани на кривична одговорност или да бидат притворени, за изнесени ставови, мислења и препораки во врска со работењето.

Член 12

(1) Средствата за работа на Ревизорското тело се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Буџетот на Ревизорското тело се изготвува во рамките на утврдените годишни лимити согласно утврдената фискална стратегија и претставува интегрален дел на Буџетот на Република Северна Македонија.

(3) Собранието на Република Македонија посебно го гласа делот наменет за Ревизорското тело во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 12-а

За активности за зајакнување на административните капацитети за спроведување на програми за прекугранична соработка Ревизорското тело може да користи средства од буџетите на техничката помош обезбедени од програмите за прекугранична соработка согласно член 73 став (2) точка (б) од Рамковната спогодба за ИПА III.

Член 13

(1) Платата на главниот ревизор за ИПА и на заменикот се утврдува согласно прописите за плати на именувани и избрани лица.

(2) Платата на ревизорите на ИПА ја утврдува главниот ревизор за ИПА во рамките на утврдениот Буџет на Ревизорското тело.

Член 14

(1) Лицата вработени во Државниот завод за ревизија распоредени да извршуваат работи и работни задачи во Ревизорското тело согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државна ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.133/2007), ќе продолжат да работат во Ревизорското тело, со денот на влегување во сила на овој закон.

(2 )По престанокот на работните обврски во Ревизорското тело, со реализацијата на ИПА, лицата од став (1) на овој член се превземаат на работа во Државниот завод за ревизија и се распоредуваат на соодветно работно место со исто звање.

Член 14-а

(1) Вработените во Ревизорското тело имаат статус на административни службеници или помошно-технички лица.

(2) Административните службеници од став (1) на овој член може да бидат:

- ревизори на ИПА кои вршат ревизија на ИПА или
- државни службеници кои вршат административни работи во функција на извршување на надлежностите на Ревизорското тело определени со овој закон.

(3) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од став (2) на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

(4) Помошно-технички лица се вработените во Ревизорското тело кои вршат работи на одржување, вршење на превоз како и други помошни и технички работи и за нив се применуваат општите прописи за работни односи.

Член 14-б

(1) За административните службеници во Ревизорското тело кои вршат ревизија на ИПА се утврдуваат следните нивоа на работни места и се опишуваат со следните звања:

- ниво Б1 советник на главниот ревизор за ИПА,
- ниво Б2 помошник на главниот ревизор за ИПА,
- ниво Б3 раководител на Сектор за унапредување на ревизијата,
- ниво В1 самостоен ревизор,
- ниво В2 виш ревизор,
- ниво В3 ревизор и
- ниво В4 помлад ревизор.

Член 14-в

(1) Платите на ревизорите на ИПА се утврдуваат врз основа на коефициенти и тоа:

- ниво Б1 коефициент 3,50,
- ниво Б2 коефициент 3,30,
- ниво Б3 коефициент 3,12,
- ниво В1 коефициент 2,92,
- ниво В2 коефициент 2,74,
- ниво В3 коефициент 2,55 и
- ниво В4 коефициент 2,27.

(2) Административните службеници кои не вршат ревизија на ИПА, примаат плата согласно Законот за административните службеници.

## III. РЕВИЗОРИ НА ИПА

Член 15

Работите на ревизија на ИПА во Република Северна Македонија ги вршат ревизори на инструментот за претпристапна помош (во натамошниот текст: ревизори на ИПА) како ревизори независни од субјектите предмет на ревизија, односно структурите и органите кои ги имплементираат програмите финансирани од Европската унија.

Член 16

(1) Ревизорите на ИПА треба да ги исполнуваат следните услови:

1) да се државјани на Република Северна Македонија;

2) да имаат уверение за стекнато звање од областа на ревизијата;

3)да имаат високо образование од областа на економските, правните науки ,информатичката технологија, или друго соодветно образование и

4) да дадат изјава дека во работењето ќе ги применуваат правилата утврдени со Кодексот на етика на меѓународно прифатените стандарди за ревизија.

(2) Ревизорите на ИПА имаат легитимација со која се докажува нивното службено својство и при вршење на ревизијата се должни да ја покажат.

(3) Ревизорите на ИПА се должни ревизијата да ја вршат согласно член 18 од овој закон.

(4) Ревизорите на ИПА не можат да бидат повикани на одговорност за даденото мислење во врска со извршувањето на службените овластувања.

Член 17

Ревизорите на ИПА не смеат да вршат ревизија доколку:

1) претходно биле во работен однос или биле законски застапници на субјектот на ревизијата најмалку пет години пред вршење на ревизијата;

2) учествувале во водењето на деловните книги или ја изработиле годишната пресметка и финансиските извештаи на субјектот на ревизија најмалку пет години пред вршење на ревизијата;

3) се брачни другари или се во вонбрачна заедница, крвни сродници во права линија до трет степен на сродство со сопственикот или законскиот застапник на субјектот на ревизијата и

4) се основачи, акционери или содружници во субјектот на ревизијата.

III-а. Унапредување, оценување и стручно усовршување на ревизорите на ИПА

Член 17-а

(1) Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на ревизорите на ИПА, кариерно напредување односно преминување од пониски на повисоки работни места.

(2) Во повисоко звање може да биде унапреден ревизорот на ИПА, кој:

1) во последните две оценувања е оценет со „се истакнува“;

2) да поминал најмалку две години на тековното звање и

3) да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред поднесување на предлогот за унапредување од страна на помошникот на главниот ревизор на ИПА.

(3) За отпочнување на постапка за унапредување, помошникот на Главниот ревизор за ИПА, односно раководителот на Секторот за унапредување на ревизијата до главниот ревизор за ИПА, доставува предлог за унапредување на соодветниот ревизор на ИПА, при што го наведува пониското звање на кое ревизорот на ИПА ги извршува работните задачи, како и повисокото звање на кое ревизорот на ИПА се предлага да се унапреди, како и причините поради кои смета дека ревизорот на ИПА треба да биде унапреден во повисоко звање.

(4) Главниот ревизор за ИПА, во рамките на утврдениот буџет на Ревизорското тело, а врз основа на предлогот од помошникот главниот ревизор за ИПА и мислењето од секторот за унапредување на ревизијата, одлучува дали предлогот ќе го прифати или одбие.

(5) За донесената одлука за унапредување главниот ревизор за ИПА, обезбедува согласност од Министерството за финансии.

Член 17-б

(1) Ревизорите на ИПА, освен главниот ревизор, се оценуваат еднаш годишно, најдоцна до крајот на јануари во тековната за претходната година.

(2) Оценувањето на ревизорите на ИПА го врши непосредно претпоставениот раководител ревизор.

(3) Годишната оценка на ревизорите на ИПА може да биде:

1) „се истакнува“

2) „задоволува“ и

3) „не задоволува“.

(4) Критериумите врз основа на кои ќе се врши оценувањето ги утврдува главниот ревизор за ИПА , за што донесува посебен интерен акт.

Член 17- в

(1) Ревизорот на ИПА стручно се усовршува во текот на годината.

(2) За стручното усовршување на ревизорите на ИПА, главниот ревизор за ИПА донесува годишен план за обуки.

(3) Ревизорското тело води евиденција за видот и бројот на спроведени обуки, со цел изготвување на годишниот план за обуки.

IV. ВРШЕЊЕ НА РЕВИЗИЈА НА ИПА

Член 18

Ревизорското тело врши ревизија на ИПА согласно меѓународните стандарди за ревизија.

Член 19

(1) Ревизорското тело врши ревизии на управувачкиот и контролниот систем на активностите, трансакциите и на годишните сметки во согласност со ISSAI и со тригодишната ревизорска стратегија.

(2) Работата на ревизија вклучува ревизија на соодветен примерок на активности или на трансакции и испитување на постапки.

(3) Видови на ревизија на ИПА се:

1) системска ревизија;

2) тематски ревизии

3) ревизија на трансакции/операции;

4) финансиска ревизија и

5) ревизија на информатичката технологија (ИТ ревизија).

Член 20

(1) Ревизорското тело може пред да пристапи кон извршување на ревизијата, да побара од субјектот на ревизија да ги обезбеди сите информации кои се потребни за вршење на ревизијата вклучувајќи документи, податоци или други информации кои се неопходни за планирањето и извршувањето на ревизијата.

(2) Субјектот на ревизија е должен да ги обезбеди бараните информации од став (1) на овој член во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

Член 21

(1) При вршење на ревизија, ревизорите на ИПА имаат слободен пристап во службените простории и имотот, право на увид во книгите, обрасците и другата документација, електронските податоци и информационите системи, како и право да бараат објаснувања од претставниците на субјектот на ревизија за сите прашања кои се од значење за вршење на ревизијата.

(2) Законскиот застапник на субјектот на ревизија е должен на ревизорот на ИПА да му ја стави на располагање и да му обезбеди копии од потребната документација, исправите, извештаите и други евиденции и да му даде други информации неопходни за спроведување на ревизијата.

(3) Субјектот на ревизија не смее да го ограничи обемот на испитувањата или да оневозможи примена на одредени ревизорски постапки. Ревизорското тело е должно на соодветен начин тоа да го истакне во извештајот, во согласност со стандардите на ревизијата и веднаш да го извести надлежниот орган кој врши надзор над субјектот.

Член 22

Во вршењето на ревизијата на ИПА, главниот ревизор за ИПА по потреба, може да ангажира и стручни лица и експерти од соодветни институции.

Член 23

Ревизорското тело без финансиски надоместок има целосен пристап до сите информации и документи од физички и правни лица кои се поврзани со проекти или програми кои се финансирани целосно или делумно со средства од ИПА во Република Северна Македонија.

Член 24

(1) Документите кои имаат ознака на класифицирана информација, законскиот застапник на субјектот на ревизија е должен на ревизорот на ИПА да ги стави на располагање на начин утврден со Закон.

(2) Ревизорите на ИПА се должни со класифицираните информации да постапуваат во согласност со одредбите од Законот за класифицирани информации.

(3) Ревизорите на ИПА не смеат да ги користат сознанијата до кои дошле во вршењето на ревизија за стекнување на имотна или друга корист за себе или друг субјект.

(4) Одредбите од став (2) и (3) на овој член се однесуваат и на стручните лица и експерти од член 22 од овој закон.

## V.ГОДИШЕН РАБОТЕН ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА, РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ И МИСЛЕЊА

Член 25

(1) Ревизијата се врши во согласност со годишен работен план за ревизија односно тригодишна ревизорска стратегија во кои е содржана методологијата за ревизија и планираните ревизорски активности.

(2) Годишниот работен план за ревизија се доставува до Националниот координатор за авторизација и до Европската комисија, најдоцна до 30 септември во тековната година, за референтниот период од 1 октомври тековната заклучно со 30 септември наредната година, согласно Рамковната спогодба за ИПА.

(3) Тригодишната ревизорска стратегија се доставува до Европската комисија како и копија до Националниот координатор за авторизација, најдоцна до крајот на ноември во тековната за наредната година, согласно Рамковната спогодба за ИПА II.

Член 26

Согласно одредбите од Анекс А клаузула 5 од Рамковната спогодба за ИПА II и Анекс А клаузула 9, Анекси Г, Д и Ѓ од Рамковната спогодба за ИПА III, како и Секторската спогодба за ИПАРД II и Секторската спогодба за ИПАРД III Ревизорското тело ги поднесува следните извештаи и мислења:

1) годишен извештај за ревизорски активности за соодветно подрачје кој се доставува до 15 февруари за ИПА III односно до 15 март за ИПА и ИПА II секоја година до Европската комисија, Владата на Република Северна Македонија, а копија се доставува и до Националниот ИПА координатор и до Националниот координатор за авторизација;

2) годишно ревизорско мислење по програма за веродостојност на годишните финансиски извештаи или изјави/годишни сметки, законитоста и регуларноста на расходите и функционирањето на системите за управување и контрола заедно со годишниот извештај за ревизорски активности се доставува до 15 февруари за ИПА III односно до 15 март за ИПА и ИПА II секоја година до Европската комисија, Владата на Република Северна Македонија, а копија се доставува и до Националниот ИПА координатор и до Националниот координатор за авторизација и

3) ревизорско мислење за конечниот извештај за расходот заедно со завршен извештај за ревизорската активност поднесен од Националниот координатор за авторизација, кое се доставува во рок од три месеци од поднесувањето на конечниот извештај за расходот, до Европската комисија, Владата на Република Северна Македонија, а копија се доставува и до Националниот ИПА координатор и до Националниот координатор за авторизација.

Член 27

(1) Заради информирање на јавноста, Ревизорското тело има своја интернет (веб) страница.

(2) Извештаите и мислењата на Ревизорското тело не се објавуваат на интернет (веб) страницата.

VI. СОРАБОТКА

Член 28

Доколку ревизорите на ИПА при вршењето на ревизијата утврдат дека постои основано сомнение дека е сторен прекршок или кривично дело, за тоа веднаш ги известува надлежните органи, согласно билатералните спогодби и правилници на OLAF.

Член 29

Субјектите кои водат административни евиденции, регистри и бази на податоци и носителите на платниот промет се должни податоците за субјектите кои се предмет на ревизија на ревизорите на ИПА да ги достават на начин утврден со Закон.

Член 30

(1) Ревизорското тело за реализација на своите активности соработува со државните органи и институции во Република Северна Македонија, земјите членки на Европската Унија и земјите кандидати за членство во Европската Унија.

(2) Ревизорското тело може да врши заеднички ревизии со ревизорски тела на други земји, со Европската комисија и со Европскиот суд на ревизори.

VII.РЕВИЗИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА РЕВИЗОРСКОТО ТЕЛО

Член 31

(1) Ревизија на работењето на Ревизорското тело врши друштво за ревизија кое има дозвола за работа за вршење на работи на ревизија, Европската Комисија и Европскиот суд на ревизори.

(2) Извештајот од извршената ревизија на друштвото за ревизија од став (1) на овој член, се доставува до Владата на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година.

VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 32

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност на субјект на ревизија микро трговец, од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност на субјект на ревизија мал трговец од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност на субјект на ревизија среден трговец и од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност на субјект на ревизија голем трговец ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:”.

1) не ја стави на располагање на ревизорот потребната документација, исправи, извештаи и други информации заради вршење на ревизија (член 21 став (2)) и

2) на ревизорите на ИПА им ги ограничи обемот на испитувањата или им оневозможи примена на одредени ревизорски постапки (член 21 став (3)).

(2) Глоба износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на субјект на ревизија-трговец поединец за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице од став (1) на овој член за прекршоците од став (1) на овој член.

Член 33

(1) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице-субјект на ревизија, односно на трговец поединец-субјект на ревизија, ако:

1) не ја стави на располагање на ревизорот потребната документација, исправи, извештаи и други информации заради вршење на ревизија (член 21 став (2) и

2) на ревизорите на ИПА им ги ограничи обемот на испитувањата или им оневозможи примена на одредени ревизорски постапки (член 21 став (3).

Член 34

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на ревизорот на ИПА ако ревизијата ја врши во спротивност на член 16 став (3) од овој закон.

Член 35

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.

Член 35-а

Одмерувањето на висината на глобата се врши согласно Законот за прекршоците.

IX.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

(1) Владата на Република Македонија го именува главниот ревизор за ИПА и заменикот на Ревизорското тело во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Раководителот на Ревизорското тело утврден согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр.133/07) продолжува да ја врши функцијата до именување на главен ревизор за ИПА .

Член 37

(1) Главниот ревизор за ИПА во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон, го пропишува начинот на вршење на ревизија на ИПА и ги донесува актите утврдени со овој закон.

(2) До влегувањето во сила на прописите од став (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 38

Со денот на влегување во сила на овој закон, средствата, документацијата за работа и архивата на ИПА, од Државниот завод за ревизија ги превзема Ревизорското тело.

Член 39

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД
ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ(ИПА)
(„Службен весник на РМ" бр.43/14)

Член 6

Главниот ревизор за ИПА и неговиот заменик именувани до денот на започнувањето на примената на членот 2 од овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 7

Одредбите од членот 2 од овој закон ќе започнат да се применуваат една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членовите 3 и 5 на овој закон кои ќе започнат да се применуваат од денот на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија"бр. 27/14).

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД
ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ(ИПА)
(„Службен весник на РМ" бр.154/15)

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ОД
ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ(ИПА)
(Член 6 од Законот објавен во
Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 251/22 )

Член 10

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон

ќе завршат според одредбите на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10, 43/14, 154/15, 27/16, 190/16 и 83/18).

(Член 7 од Законот објавен во „Службен весник
на Република Северна Македонија” бр. 251/22 )

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 12

(Член 5 од Законот објавен во „Службен весник
на Република Северна Македонија” бр. 262/23 )

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.